Врз основа начлен 80, член 80а и член 81 од Законот за градење („Сл.весникна РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13,163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16,35/18, 64/18, 168/18, и „Сл.весник на РСМ“ бр 244/19 и 18/20 и 279/20), член 34 од Статутот на општина Охрид (Сл.гласник на општина Охрид бр.8/07,1/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и член 50 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), Годишната програма за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2022 година бр. 08-13561/37 од 29.12.2021 год. („Сл.гласник на општина Охрид бр.17/2021), Одлуката за поставување на урбана опрема и времени објекти и за утврдување на висината на надоместокот (закупнина) за 2022 година во општина Охрид бр. 08-13561/38 од 29.12.2021 година и Одлука за донесување на Правилникот со кој се утврдени начинот и условите за изнајмување на локации за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Охрид бр. 08-4086/18 од 28.04.2021, Градоначалникот на Општина Охрид објавува:

**О Г Л А С бр. 01/2022**

**ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА**

Општина Охрид издава простор за поставување урбана опрема за комерцијално користење. Локациите за поставување на урбаната опрема се за следната намена:

**I. Локации за поставување урбана опрема - фрижидери за продажба сладолед 14 локации**

Поставување фрижидери за продажба на сладолед се предвидени на следните локации:

- по должината на КЕЈ„Македонија“ **вкупно 11 локации – 1(1а), 2(2а), 3(3а),4(4а), 5(5а), 6(6а), 7(7а), 8(8а), 9(9а),10(10а) и 11(11а)**
- на плоштад „Крушевска Република“ **вкупно 1 локација – 12(12а)**
- на патеката од„Канал Студенчишта кон хотел Парк“**вкупно 1 локација – 16(16а)**
- на ул.„Климент Охридски„ **вкупно1 локација – 17(17а)**

**На секоја локација можат да се постават максимално по 2 (два) стандардни фрижидери**, стандардна корпа за отпадоци и чадор за сонце, **на простор со површина 4м2**
Графички приказ со нумерички ознаки на локациите се дадени во Изводот од Годишната програма за поставување урбана опрема во Општина Охрид за 2022 година.

**II. Локации за поставување урбана опрема за продажба сувенири - 10 локации**

Локациите за продажба на сувенири се наоѓаат:

- на патеката од Самоилова Тврдина кон Плаошник- **вкупно 5 локации – 1, 2, 3,4 и 5**
- пред влезот во "Плаошник" **- вкупно 4 локации – 6, 7, 8 и 9**
- пред влезот на "Анфитеатар"- **вкупно 1 локации – 10**

Продажбата на сувенири ќе се извршува на урбана опрема со димензии 2.00 м х 1.00 м
Графички приказ со нумерички ознаки на локациите се дадени во Изводот од Годишната програма за поставување урбана опрема во Општина Охрид за 2022 година.

**III. Локации за поставување урбана опрема за продажба уметнички слики - 4 локации**

- Локациите за продажба уметнички слики се наоѓаат на малиот плоштад кај Долна Порта, **вкупно 4 локации (1,2, 3 и 4)**

Продажбата на уметнички слики ќе се извршува на **простор секој со површина 4м2.**
Графички приказ со нумерички ознаки на локациите се дадени во Изводот од Годишната програма за поставување урбана опрема за 2022 година.

**Локациите за поставување на урбаната опрема ќе се издаваат за времетраење од 90 (деведесет) дена.**

**IV.Почетна цена за издавање на локација е:**

- локација за **фрижидери за продажба на сладолед со почетна цена од 5.000.оо (петилјади) денари/месечно по локација** (на една локација може да се постават по два стандардни фрижидери, стандардна корпа за отпадоци и чадор за сонце);
- локацијаза **продажба на сувенири со почетна цена од 3.000,оо (триилјади) денари/месечно**
- локација за **продажбана уметнички слики со почетна цена од 8.000.оо (осумилјади) денари/месечно;**

4.1 Почетните цени за издавање на локациите се однесуваат за период од 30 (триесет) дена.
**4.2 Во почетната цена за издавање на локација не се содржани трошоците за комунална такса, одржување на хигиена, приклучок и трошок за електрична енергија.**
4.3 Трошоците за комунална такса, одржување на хигиена, приклучок и трошок за користење на електрична енергија паѓаат на товар на најповолниот понудувач.
4.4 Трошокот за комунална такса изнесува **7,00(седумденари) од м2 дневно**.
4.5 Договорите со најповолните понудувачи за точка I, II, и III ќе се склучуваат за период од 90 (деведесет) дена.
**4.6 ПОСТАВУВАЊЕТО НА УРБАНАТА ОПРЕМА ДОЗВОЛЕНО Е ДА ОТПОЧНЕ ПО ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ОД СТРАНА НА СЕКТОРОТ ЗА УРБАНИЗАМ И УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ.**

**V.Доставување на понуди**

**5.1 Понуди можат да достават физички и правни лица**, и тоа

- Правно лице кое има регистрирно деловно седиште во општина Охрид и кое не е во постапка на стечај или ликвидација (Решение од ЦР на РСМ не постаро од 6 месеци)
- физичко лице кое е жител на општина Охрид

Правното или физичкото лице има право да аплицира на јавниот оглас само за една од локациите предвидени во Годишната програма за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2022.
На избраниот најповолен понудувач му се забранува изнајмување или пренесување на правото на користење локациите за поставувае на урбаната опрема на трети лица.

**5.2 Понудувачот треба да достави:**
- Понуда на унифициран образец; (Унифицираниот образец може да се подигне во просториите на општина Охрид или на веб страната на општината **www.ohrid.gov.mk)**
- Уплатница на име депозит за учество на износ од 3.000.оо (триилјади) денари.

Уплатата се врши на следната сметка:

Трезорска сметка: **100000000063095**
Уплатна сметка: **84015206553**
Приходна шифра: **723914 Програма 00**

**За правни субјекти**

- Потврда за регистрирана дејност (издадена од Централен регистар на РСМ или соодветен документ-доказ дека припаѓа на соодветно здружение не постара од 6 месеци);
- Потврда дека нема заостанати обврски кон општина Охрид-Локална самоуправа по основ комунална такса и закуп на локација; (потврдата ја издава Сектор за финансиски прашања при општина Охрид);

**За физички лица**

- Фотокопија од лична карта
- Потврда дека нема заостанати обврски кон општина Охрид-Локална самоуправа по основ комунална такса и закуп на локација; (потврдата ја издава Сектор за финансиски прашања при општина Охрид);

**Понудите по точките I, II и III да бидат со важност од 90 денови.**

**Депозитот на учесниците кои нема да бидат избрани за одредена локација е повратен, додека за учесниците кои ќе добијат локација на јавното наддавање ќе биде одбиен од вкупната цена на склучениот договор.**

**VI. Начин на доставување на понуда**

Понудата треба да се достави во затворен плик со назнака:

**„НЕ ОТВОРАЈ“**
**Општина Охрид**

**Комисија за спроведување на постапка за издавање на времено користење на површини за поставување на урбана опрема бр. 01/2022**

**Дел:______________ ,Локација бр.__________**
**(се внесува делот и бројот на локацијата за кој понудувачот учествува,**
**НА ПРИМЕР I – продажба на сладолед, Локација бр. 5 (5а))**
**ул: „Димитар Влахов“ бр.57**
**6000 Охрид**

**НАПОМЕНА:**
**Комисијата не сноси одговорност за ненавремена и неуредна достава на понудите.**

**Пример за адресирање на плик за достава на понуда:**

| | |
|---|---|
| **„НЕ ОТВОРАЈ“**<br>**„Да не се отвора пред 12.05.2022 г 12.00 часот.**<br>**Оглас бр.01/2022** | **Општина Охрид**<br>**Комисија за спроведување на постапка за издавање на времено користење на површини за поставување на урбана опрема бр. 01/2022**<br>**Дел:_______, Локација бр.__________**<br>**(се внесува делот и бројот на локацијата за кој понудувачот учествува)**<br>**ул „Димитар Влахов“ бр. 57**<br>**6000 Охрид** |

**Понудата се доставува по пошта или лично во Архивата на општина Охрид. Општина Охрид нема никаква одговорност за ненавремена достава на понудата, нејзино предвремено отворање или губење на истата.**

**VI.Начин на отворање**

**Понудите да се доставaт најдоцна до 12.05.2022 г во 12.00 часот.**

Електронското Јавното наддавање ќе се одржи по евалуација на доставените понуди. Јавното надавање ќе се одржи на **www.eaukcijaohrid.mk** .Напатствија, инструкции и лозинка во писмена форма или електронска пошта ќе добијат сите учесници кои ги исполниле условите на најмалку 3 (три) дена пред јавното наддавање.

За денот и часот на јавното наддавање учесниците ќе бидат известени на контакт адресата (e-mail) на понудувачот и web страната на општина Охрид.

За избран ќе се смета понудувачот кој понудил највисока цена за локација под услов да ги исполнил условите предвидени во точка 5 .2.

**X. Предмет на јавно наддавање**

Предмет на јавното наддавање е тримесечната конечна цена;

**XI.Склучување на договор**

Договор ќе се склучи со понудувачот кој понудил највисока цена на јавното наддавање.

Договорот ќе се склучи во рок од пет работни дена од денот на приемот на Известувањето за избор на најповолен понудувач кое може да биде во писмена форма, усно или во електронска форма.

Пред склучувањето на Договорот понудувачот е должен во целост да ги измири сите трошоци кои произлегуваат од постапката вклучувајќи ја и комуналната такса.

По склучување на договорот и подмирувањето на обврските кои произлегуваат од истиот, уплатата на комуналната такса и подмирување на обврската која произлегува од задолжението, како и склучување на договор за јавна чистота со ЈП "Охридски комуналец" - Охрид, закупецот се задолжува да обезбеди **Одобрение за поставување урбана опрема.**

**На закупец без добиено одобрение за поставување на урбана опрема му се забранува да постави урбана опрема на предвидената локација, договорот се смета за ништовен без повраток на уплатените средства и договорниот орган ќе склучи договор со следниот раниран понудувач.**

Графичките прикази со нумерички ознаки на локациите за поставување урбана опрема и Образецот на понуда заинтерисираните субјекти можат да ги превзематод web страната на општина Охрид, **www.ohrid.gov.mk** или секој работен ден од 12.00-13.00 часот во просториите на архивата на општина Охрид.